Организација Жена Делчево

**До: Сите заинтересирани страни**

# Ј А В Е Н  О Г Л А С

**За ангажирање на стручно лице/едукатор/ка за правна писменост за жени лидерки**

Почитувани,

Организација ЖЕНА Делчево, во рамките на проектот „Зајакнување на правната писменост на жените од руралните и маргинализираните заедници во Делчево“, проект спроведуван од Организација ЖЕНА Делчево, а финансиран од Kvinna till Kvinna Foundation и Шведска, објавува јавен оглас за ангажирање на едукатор/ка **за дводневна работилница за жени лидерки на тема „Основи на правата на жените, семејно и социјално право, улогата на локалните институции“.**

Целта на активноста е да се зајакне правната и комуникациската писменост на 12 избрани жени од рурални и маргинализирани средини, со цел да станат локални дисеминаторки на информации.Работилницата ќе се одржи во текот на месец ноември во траење од два дена.

**Опис на обуката:**

Содржината на работилницата ќе се осврне на основите на човековите и женските права, правниот и социјалниот контекст со фокус на положбата на жените од руралните средини и маргинализираните заедници, основите на правата за семејна и социјална заштита, вклучувајќи заштита од насилство, дискриминација, услуги за пријавување и заштита од насилство, како и улогата и одговорностите на локалните институции.

Работилницата ќе има интерактивен пристап, така што жените ќе бидат подготвени да дејствуваат како локални точки на информации и поддршка за жените од руралните средини..

**Цели на обуката:**

-Зголемена правна писменост кај жените од руралните и маргинализираните заедници

- Зајакната способност на жените лидерки да препознаваат, реагираат и упатуваат случаи поврзани со дискриминација, насилство и кршење на права

Проект:„Зајакнување на правната писменост на жените од руралните и маргинализираните заедници во Делчево“ е проект спроведуван од Организација ЖЕНА Делчево Овој проект е финансиран од Kvinna till Kvinna Foundation и Шведска.

KVINNA KVINNA

Sweden Sverige

- Обучени локални жени дисеминатори кои дејствуваат како прва линија на поддршка и информации во нивните заедници.

- Зголемена соработка меѓу жените и локалните институции преку подобрено познавање на нивните улоги и одговорности

**Критериуми за стручно лице/едукатор:**

- Докажано искуство во одржување обуки на теми поврзани со правата на жените, семејно и социјално право, улогата на локалните институции“
- Познавање на националните и локалните стратегии за родова еднаквост
- Исклучителни комуникациски и презентациски вештини.
- Способност за адаптирање на програмата во согласност со потребите на учесниците.

**Начин на аплицирање:**

Заинтересираните кандидати треба да доставaт:

1. Биографија (CV) со релевантно искуство.
2. Краток концепт за пристапот во реализацијата на обуката (максимум 1 страница).
3. Финансиска понуда.

**Рок за аплицирање:**

Крајниот рок за поднесување на апликациите е **05.11.2025 год.** Документите се испраќаат на **ozdelcevo@gmail.com** со назнака **„Апликација за едукатор/ка за правна писменост за жени лидерки“.**

Само селектираните кандидати ќе бидат контактирани.

Проект:„Зајакнување на правната писменост на жените од руралните и маргинализираните заедници во Делчево“ е проект спроведуван од Организација ЖЕНА Делчево Овој проект е финансиран од Kvinna till Kvinna Foundation и Шведска.